Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 02.12.2020
Орг. единица / Njësia org: 03 | Број / Numër: 4420/1 | Прилог / Shtesë: | Вредност / Vlere:

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип

3. **Датум на извршување на надзорот:** 2 декември 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема, вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ИРИС ДОО Штип ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ИРИС ДОО Штип во 2019 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2019 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал 12 лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани четири лица. Поради тоа, на 06.10.2020 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3701/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 24-ти и 27-ми ноември и на 2-ри декември 2020 година (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и четири договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и четири физички лица) е видно дека во телевизијата се вработени десет лица, од кои пет со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***